

# ИЗВЕШТАЈ ОД МОНИТОРИНГОТ НА МЕДИУМИТЕ ЗА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

—

СЕАД ЏИГАЛ
ВЕСНА НИКОДИНОВСКА

Funded by the European Union

B | T | D The Balkan Trust for Democracy
A PROJECT OF THE GERMAN MARSHALL FUND

Norway

Reporting Diversity Network

Автори: Сеад Џигал и Весна Никодиновска

Експерт за методологијата на истражување: Снежана Миливојевиќ

Уредник и експерт за методологијата на истражување: Стефан Јањиќ

Издавачи: Институт за комуникациски студии (ИКС) и
Институт за различност во медиумите

Мрежата за разновидност 2.0 - RDN 2.0 е воспоставена со цел да влијае на нивото на застапеност на темите поврзани со етницитет, религија и пол во медиумите во Западен Балкан. Проектни партнери се Институтот за различност во медиумите, Институтот за медиуми во Албанија, Центарот за Истражувачко новинарство, Центарот за истражувачко новинарство Црна Гора, Мрежата за професионализација на медиумите во Југоисточна Европа, Косово 2.0, Институтот за различност во медиумите Западен Балкан.

Оваа публикација е финансирана од Европската Унија, Балканскиот фонд за демократија, проектот на Германскиот Маршалов Фонд на САД и Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка. Содржината е став на авторите и Мрежата за разновидност 2.0 и не ги одразува секогаш ставовите на Европската Унија, Балканскиот фонд за демократија, проектот на Германскиот Маршалов Фонд на САД и Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка.





Reporting Diversity Network 2.0

# ИЗВЕШТАЈ ОД МОНИТОРИНГОТ НА МЕДИУМИТЕ ЗА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

СЕАД ЏИГАЛ
ВЕСНА НИКОДИНОВСКА

# Содржина


5 **Вовед**

6 **Методолошки пристап**

7 **Наративи и поднаративи**

7 Квантитативна анализа

8 Наративна анализа

8 Наративи за сексизам, сексуално вознемирување и мизогинија

9 Наративи од етничка и расна омраза

10 Наративи против политички или идеолошки противници

11 Наративи со омраза против сексуалните малцинства

13 Анализа на чувствата (сентиментите)

13 Анализи на видливост

14 **Компаративни анализи**

15 **Превентивни и ex - post дејства за борба против наративите на омраза и дезинформации во земјата**

16 **Заклучоци**

# Вовед

Говорот на омраза во Северна Македонија е сложена појава што лесно се шири во сите сегменти од општеството, главно преку локалните медиуми и платформите на социјалните медиуми[1]. Плурализацијата на медиумите и достапноста на дигиталните алатки за масовна комуникација, во комбинација со ниското ниво на медиумска писменост[2] значително ги зголемија ризиците и негативните последици од говорот на омраза и другите форми на дискриминаторски дискурси.

Говорот на омраза е длабоко вкоренет во општеството и се развива веќе подолг период со настани и динамика кои зависат од различни општествени фактори и од политичките околности. Начинот на кој овој говор се манифестира зависи од локалната политичка и медиумска култура и во тој контекст може да се забележи дека Северна Македонија не бележи посебен успех во ефикасното процесирање и санкционирање на различни случаи на говор на омраза. Во изминатата деценија, дискурсите на омраза и дискриминација најмногу беа регистрирани во политичката комуникација, меѓуетничките и меѓурелигиските односи, третманот на маргинализираните заедници, особено врз основа на сексуална ориентација и кон мигрантите. Исто така, во периодот на пандемијата 2020-2022 година, за различни прашања поврзани со работата на медицинските установи и мерките против КОВИД, имаше зачестена употреба на содржини со омраза кон медицинските работници и установи. Нормализирањето на употребата на различни форми на омраза и дискриминаторски изрази, што сè уште се случува, значително го зголеми нивното негативно влијание врз општеството и стана чест метод за комуникација со политичките противници и општествените групи со различни политички и идеолошки ставови и мислења. Може да се додаде дека политичките партии и нивните поддржувачи во Северна Македонија не само што ја толерираат употребата на говор на омраза, туку и ја поттикнуваат, што доведува до влошување на јавниот дијалог, политичката дебата и толеранцијата во општеството.

Главната цел на ова истражување е да даде аналитички увид во најчестите дискурси на омраза и дискриминација регистрирани во јавната сфера во Северна Македонија во текот на 2023 година. Во трудот ќе се анализираат примерите што беа регистрирани во овој период и кои имаа значително влијание врз општеството. Клучната цел на истражувањето е да обезбеди веродостојни информации и докази за стратешки да се пристапи кон прашањата за говорот на омраза и нетолеранцијата во Северна Македонија. Ќе се идентификуваат факторите и настаните кои беа главни генератори на содржината со омраза и дискриминација и ќе се испитаат клучните наративи кои се користат за да се објасни нивната динамика и последици. Истражувањето ќе елаборира кон кого најчесто е упатена содржината со омраза, односно кои се најчестите мети, и како нападите и кампањата против нив влијаат на севкупната комуникација и општествените односи во Северна Македонија. Клучната цел на оваа анализа е подобро да се разбере пропагандата што користи содржина со омраза и различни модели на комуникација и да се подобри способноста на општеството да изгради отпорност на граѓаните, правилно да реагира и да развие ефикасни контра-наративи што ќе го ограничат влијанието на овој тип содржини.

1. Јасна Бачовска, Елена Михајлова, и Томе Шеќерџиев, (2013), "Слобода на изразување и говор на омраза", Организација за безбедност и соработка во Европа, Скопје, 2013 година.

2. Извори, https://osis.bg/?p=4243&lang=en и Снежана Трпевска, (2020) „Мапирање на нивоата на медиумска писменост во Република Северна Македонија кај популацијата на возраст над 16 години“, Институт за истражување на општествениот развој РЕСИС Скопје, Северна Македонија.



# Методолошки пристап

Материјалот за ова истражување опфаќа случаи на говор на омраза и дискриминаторска содржина регистрирани во јавната сфера на Северна Македонија во текот на 2023 година. Настани што беа особено видливи и имаа значително влијание во земјата беа евидентирани, категоризирани и подложени на вкрстена анализа. Испитувањето на истражувачкиот материјал опфати квантитативна, квалитативна и дискурсивна анализа на нивната содржина. Собраните случаи беа класифицирани според тоа каков тип на омраза е користен, против која група или поединец бил инцидентот, кој го извршил инцидентот, како е именувана групата или поединецот, во каков тип на медиуми бил идентификуван инцидентот и колку широко допрел до јавноста.

Сите регистрирани случаи беа класифицирани според скалата за анализа на чувствата (сентиментите), оценувајќи ги случаите од 1 до 6, во зависност од нивото на проценетата афективна реакција или чувството предизвикано од настанот.

1. **Несогласување** - Реторика што вклучува несогласување со идејата на ментално ниво. Со неа се оспоруваат тврдењата, идеите, верувањата што ги имаат некои групи или се прави обид тие да се променат.
2. **Негативни дејства** - Реторика што вклучува негативни ненасилни дејства поврзани со групата.
3. **Негативен карактер** - Реторика што вклучува ненасилно карактеризирање и навреди.
4. **Демонизирање и дехуманизирање** - Реторика што вклучува наведување потчовечки и натчовечки карактеристики на целниот поединец/група.
5. **Поттикнување насилство** - Реторика што подразбира нанесување физички повреди или желба за нанесување физички повреди.
6. **Смрт** - Реторика што подразбира буквално убиство или елиминирање на група.

Користејќи го методот на анализа на дискурсот, со испитувањето се добија повеќе детали за случаите преку идентификување на главните наративи и поднаративи што беа идентификувани во овие случаи. Исто така, беа анализирани настаните и факторите што го испровоцирале инцидентот, т.н. тригер-фактори и настани, за да се разбере нивното ширење во медиумите. Беа анализирани и визуелните елементи од овие случаи и нивното влијание беше разгледано во конкретниот контекст на нивната употреба.

# Наративи и поднаративи

## Квантитативна анализа

Во периодот од 2023 година, во Северна Македонија беа идентификувани вкупно 34 случаи на содржина со омраза и дискриминација со подалекусежни последици. Според регистрираниот тираж, како и досегот и нивото на интеракција од публиката, тие имаа значително влијание во медиумите и јавната сфера, предизвикувајќи бројни коментари, дебати и реакции. Најголем број регистрирани случаи се содржини со омраза во случаи на сексизам, вклучувајќи сексуално вознемирување и мизогинија (32%), наративи на омраза на етничка основа (26.5%) и напади на политичка или идеолошка основа (14,5%).




При деталниот преглед на целните групи, се утврди дека 26,4% се против различни етнички групи (албанска или ромска етничка припадност), 20,5% се против LGBTQ+ заедницата, 17,6% биле насочени кон политички противници и 9% биле на родова основа.

Во однос на изворот на нападите, најзастапени биле физички лица со 58%; 8,7% биле политичари или претставници на политички партии; 5,8% биле новинари или медиумски професионалци и 17,6% биле онлајн инфлуенсери. Последната бројка претставува двојно зголемување како извор на содржина со омраза во споредба со извештајот од 2021 година.



## Наративна анализа

Во ова истражување, дефиницијата за наратив е „логичен, внатрешно кохерентен извештај и толкување на поврзани настани и ликови или делови од информации што имаат смисла за читателот/слушателот". Извештајот ќе се обиде да им даде пошироко значење на регистрираните медиумски стории и содржини, поврзувајќи поединечни настани во една поопшта, колективна семантичка и наративна рамка. Во многу случаи, употребените наративи имаат подлабока структура и имплицитни елементи коишто треба да се откријат преку процес на анализа што ќе се спроведе на повеќе нивоа. Наративите, исто така, „дефинираат што е нормално и што е легитимно, како и границите на она што е политички можно и тие се блиско поврзани со напорите за одржување, реформирање или менување на структурите на општествените и политичките моќи"[3]. Во ова истражување, концептот на говор на омраза и пропаганда во медиумите и комуникацијата се применуваат во пошироки социолошки термини и не се ограничени на нивните правни концепти.

### Наративи за сексизам, сексуално вознемирување и мизогинија

Во споредба со извештаите од претходните години, очигледно е дека наративите за сексизам и теми поврзани со сексуално вознемирување, родови прашања и мизогинија се значително поприсутни[4]. Главните причини за овој процес се неколкуте политички настани во земјата каде што политичарки, жени кои се јавни личности, граѓански активистки и други влијателни жени беа нападнати на родова основа, но расте и трендот на создавање култура на мачоизам кај помладата генерација на онлајн корисници. Овој тип на содржина со омраза може да се најде на платформите на социјалните медиуми, YouTube и локалните поткасти во Северна Македонија, кои стануваат сè попопуларни и влијателни во текот на 2023 година.

Еден од најпознатите случаи од оваа група беше епизодата на поткастот на Стефан Лазаров, објавена на 14 февруари 2023 година, со неговиот гостин, новинарот Драган Павловиќ-Латас. Гостинот во оваа епизода зборуваше за своите сексуални искуства во младоста, што подоцна предизвика бројни реакции во кои се велеше дека во епизодата на поткастот промовирал насилничко однесување кон жените. По низа реакции на јавноста, Јавното обвинителство покрена постапка против двајцата, обвинувајќи ги за „ширење, преку компјутерски систем, расистичка и ксенофобична репрезентација на идеја која промовира насилство спрема жени, со што предизвикале реакции и чувство на згрозеност и вознемиреност во јавноста".

> „Првиот обвинет, гостувајќи во интервју објавено на 14 февруари како поткаст на јутјуб канал на вториот обвинет, јавно промовирал чин на полово насилство, евоцирајќи спомени од неговото наводно минато, без да изнесе морална осуда или каење, со тоа свесно промовирајќи го таквото насилничко однесување. Вториот обвинет, иако бил свесен за влијанието што го има содржината што ја емитува особено меѓу младата популација, сепак не го спречил или прекинал соговорникот, туку дополнително го наведувал со коментари и потпрашања да го прераскажува спорниот настан", Основно јавно обвинителство - Скопје, Северна Македонија.

Авторот на поткастот Стефан Лазаров ја отстрани епизодата од својот канал на YouTube[5], а судењето за овој случај сè уште трае. Сепак, друг профил на YouTube ја објави целата епизода, тој канал не е очигледно поврзан со Стефан Лазаров. Основниот кривичен суд Скопје на двајцата им изрече мерки на претпазливост. Мерката за Павловиќ-Латас е времено одземање на пасошот и привремена забрана за преземање определени работни активности кои се поврзани со кривичното дело кое им се става на товар, односно забрана за каков било јавен настап со кој се промовира ширење расистички и ксенофобичен материјал. На Лазаров му е одредена мерка на претпазливост забрана за јавни настапи кои промовираат ширење расистички и ксенофобичен материјал.

---

3. „Нарација значи да се раскаже приказна, да се пренесе настан или искуство, без разлика дали е вистинито или измислено. И двата термини, наратив и приказна, се користат наизменично кога го делат истото општо значење: да се развие наратив или да се раскаже приказна подразбира да се создадат ликови и заплет. Наративите често комбинираат реални и измислени елементи така што делуваат веродостојно, интересно и убедливо", Инструкции за методологија за мониторинг.
4. Во извештајот за 2021 година, 7% од случаите биле на тие теми.
5. https://www.youtube.com/@LAZAROV1

Во наративната анализа на текстот можеше да се забележи дека нема експлицитна персонализација или опишување, меѓутоа тривијализирањето на чинот на силување и малолетнички секс беа очигледни. Жените се прикажани преку понижувачки изрази („кутрата“) и негативни стереотипи на родова основа. Вниманието што овој случај го предизвика во јавноста, како и фактот што видеото беше повторно објавено од други корисници и подолго циркулираше меѓу корисниците во Северна Македонија, укажуваат на тековен процес на промовирање и создавање нов тип на мачоизам кај помладите членови на онлајн публиката што поттикнува нетолеранција и се обидува да го нормализира понижувањето на родова основа.

На 8 Март, по повод Меѓународниот ден на жената, група луѓе протестираа во Скопје за женските права и солидарноста и излегоа на протестен марш пред повеќе државни институции, барајќи зголемување на правата на жените во земјава. Протестот доби голем простор во медиумите, вклучително и во неколку телевизиски и онлајн медиуми кои известуваа за маршот. На една од сликите можеше да се види млада девојка која држи транспарент со цитат „Црквата да одје*е!“. Сликата и имплицитната порака во која се критикува црквата како промотор на женското угнетување, предизвика низа реакции на социјалните мрежи, вклучително и разни вулгарности. Профилите на девојката на социјалните мрежи масовно се споделуваа на интернет, со повик луѓето да ја нападнат поради навреда на црквата и православните верници. По информациите дека оваа жена е вработена во граѓанската организација „Хелсиншки комитет за човекови права“, вербалните напади врз неа се засилија и се проширија и на останатите членови од организацијата. Во регистрираните вербални напади доминантни се вулгарните навреди на родова основа и понижувачките наративи кон жените. Интересно е да се забележи дека овој случај доби политичка и меѓуетничка конотација со повиците демонстрантите „да реагираат против главната партија на етничките Албанци што е дел од Владата, Демократската унија за интеграција (ДУИ), наместо да протестираат против црквата и да ги навредуваат верниците во земјата“. Овој вид напади потекнува од заедничките политички наративи на сегашната опозиција дека „граѓанските организации за човекови права се политички инструмент на владата (на чело со социјалдемократите)“[6]. Може да се додаде дека наративите со омраза од ова истражување често комбинирале различни видови, откривајќи ја нивната сложеност и меѓусебна поврзаност, како во овој случај кога пораките на омраза на родова основа беа комбинирани со политички и идеолошки наративи.

## Наративи со етничка и расна омраза

Бројот на случаи со омраза и дискриминаторски наративи на етничка или расна основа изнесува 26,5%. Клучните наративи од овој тип се формирани врз основа на употреба на негативни стереотипи и поттикнување меѓуетничка нетрпеливост кон другите заедници. Во регистрираните примери, случаите се однесуваат на албанската и етничката ромска заедница во земјата, со некои случаи на ксенофобија и расизам врз мигрантите и бегалците од Блискиот Исток и Африка.

На пример, во неколку одделни прилики, двајца корисници на платформата „X“ објавија изјави со говор на омраза кон ромската заедница, а нивните пораки беа споделени и коментирани од корисниците на оваа социјална мрежа. Во една од објавите, корисникот „Justice boy“ на платформата „X“ ја коментирал веста дека етничките Роми имаат тешкотии да добијат државјанство во Северна Македонија, споредувајќи ја ситуацијата со етничките Албанци во земјата („Зашто е проблем да се дадат државјанства на 2 или 2.000 цигани кога веќе дадовме на пола милион шиптари??“[7]).

Во друг пример на говор на омраза, на објава од друг корисник кој ги пофалил достигнувањата на поранешниот премиер Зоран Заев за време на неговиот мандат, корисник како одговор на таа објава го нарекол Заев „Муртински циган“, користејќи го родното место на Зоран Заев и навредливо име за ромската заедница, споредувајќи го со оваа етничка група на погрден начин.

Во повеќето случаи, наративите против други етнички групи или раси се комбинираат со омаловажувачки и навредливи изрази за цели етнички или расни групи. Наративите исто така се засноваат на етничка и

6. На пример, https://twitter.com/Ele_Psk/status/1738266061953200508, „Така е. Онаа Уранија Пировска од Хелсиншки порано беше секој втор ден на тв. Откако се сдсм на власт глас не и се слушна а какви све скандали не се случија. Очигледно е дека човекови права ја интересираат единствено како изговор за плукање по вмро. Фејкерка“.

7. Извор https://is.gd/WoDNXk

културна потчинетост, негативни стереотипи, а понекогаш и дехуманизација, насочени кон нормализирање на сегрегацијата, потчинетоста, маргинализацијата, па дури и протерувањето на овие етнички групи. Во некои од регистрираните случаи, наратив на омраза на етничка основа беше создаден околу изразот „Шиптарска влада“, употребен за навреда на позицијата и учеството на партиите на етничките Албанци во владината коалиција. Овој наратив беше искористен за да се наметне перцепција дека етничките Македонци и партијата СДСМ се совладани од албанските членови на владината коалиција („Дали СДС влезе во шиптарска влада?“[8]).

Покрај политичките теми за кои имаше интензивни дебати, наративите против другите етнички групи беа присутни и во некои други теми на дискусија. На пример, еден чест наратив беше оној дека „Албанците не плаќаат сметки и даноци“[9]. На една од локалните информативни веб-страници беше објавен текст[10] во кој се тврди дека во Северна Македонија годишно околу 100 милиони евра за сметки за струја остануваат ненаплатени. Изгубените финансии на електро-дистрибутивната компанија, според написот, ги подмириле останатите корисници, за да се надоместат овие загуби. На фотографијата користена во публикацијата е објавен сообраќаен знак на село Арачиново, скопско, каде живее претежно етничко албанско население. Деструктивни и навредливи коментари беа објавени од други корисници во врска со оваа порака („Се надевам дека ќе умрат од струен удар“).

Сложената социо-економска реалност на стапките на платени сметки за струја во една општина каде живее претежно етничко албанско население беше проектирана на целата етничка група и искористена за да се прикажат како луѓе кои не ги почитуваат основните правила, закони и граѓански обврски. Многу слични наративи за етничките групи кои се прикажуваат како нецивилизирани, недоволно развиени и примитивни, беа откриени за етничката ромска заедница. Овие наративи се користат за да се оправда подреденост или маргинализација на цели општествени групи, во овој случај на етничка основа.

Друг сличен случај на етничка основа беше идентификуваниот наратив во кој се наведува дека „македонските политички партии им ја дадоа државата на шиптарите“[11]. Повод за овој наратив беше промената на името на улица во општина Чаир во Скопје со име на припадник на албанските балисти од Втората светска војна. Со овој наратив, одреден политички дефетизам кружеше во онлајн сферата, придонесувајќи за зголемена поларизација во јавната комуникација и општеството.

### Наративи против политички или идеолошки противници

Нападите врз политичките и идеолошките противници се идентификувани во 14,5% од случаите. Во регистрираните примери употребени се различни јазични техники, вклучително и навредливи зборови (предавници, одродени, непријатели на својот народ итн.) и закани, со цел да се изрази одбивноста кон целните поединци или групи од спротивниот политички и идеолошки блок. Секаков компромис, дијалог, простување се обесхрабрува и се зголемува политичката поларизација.

Во еден од регистрираните случаи, поддржувач на опозицијата во колумна користи експлицитни пораки со омраза и изрази како: „ѕверови“, „крвопијци“, „човечки изроди“, „исфрустрирани кучки“, „ѓаволска сила“, „лажговци“, „ментално болни“, „болно семе“. Авторот Јани Бојаџи, кој е директор на ТВ Алфа, како и универзитетски професор, ја објави колумната „Да не се лажеме, јас не простувам“ во Нова Македонија[12]. Во својот текст тој повикува на одмазда кон политичките противници.

> „Нема да простам, сакам да видам како лелекаат и проколнуваат до бес. Јас сакам да ги видам нивните мајки, нивните сестри, нивните жени и нивните ќерки како лелекаат, кубат коси и кинат кошули од болка“.

8. Извор https://twitter.com/nedelkovskim/status/1623339449919627265 со 7.049 прегледи).
9. Извор https://twitter.com/Gerasim_mk/status/1664215925162229763
10. Извор https://pbs.twimg.com/media/Fxh7hO0XgAAmkFI?format=png&name=small
11. Извор https://twitter.com/LynxMacedonica/status/1679187849474605069
12. Извор https://novamakedonija.com.mk/mislenja/kolumni/da-ne-se-lazheme-jas-ne-prostuvam/

Во друг случај, политичкиот аналитичар, писател и граѓански активист, Ивор Мицковски, напиша порака на Фејсбук во која разговара за владините политики. Во пораката тој ја критикува работата на Владата за повеќе прашања, обвинува дека државата има катастрофална Влада која не работи во интерес на народот. Главниот наративен пристап е да се дехуманизираат членовите на владата и владејачката партија.

> „Вие сте мртовец, зомби кое чекори, живи мртви кои немаат никаква иднина. Вие не заслужувате ништо освен клетви, омраза и мизерен крај.“[13].

По инцидентите во регионот Бањска, Косово, во септември 2023 година, министерот за надворешни работи Бујар Османи изјави: „Доколку се докаже дека Србија на некој начин е вмешана во вооружениот напад на Косово, Македонија треба да се откаже од членството во иницијативата „Отворен Балкан“.“ По ова, тој и неговите колеги етнички Албанци во владата беа нарекувани со погрдни имиња и беа обвинети за непослушност кон премиерот Димитар Ковачевски (кој е етнички Македонец)[14].

Широко распространетите наративи со омраза од овој тип беа искористени и против поддржувачите на опозицијата. Во колумна објавена на платформата Frontline.mk[15], колумнистот и писател, Бранко Тричковски предизвика контроверзии користејќи погрден јазик за да ги опише поддржувачите на ВМРО-ДПМНЕ, главната опозициска партија во Северна Македонија. Тричковски ги ослови нивните членови и симпатизери со навредливи изрази како „морони“, „идиоти“, „кретени“ и други. Важно е да се напомене дека авторот на текстот има подолга, засега несанкционирана, историја на искажување слични навреди.

Наративите во оваа група најмногу ги поврзува пристапот на наметнување негативна перцепција за противничките политички групи. Тие, исто така, се обидуваат да создадат доминантен наратив за колективниот идентитет на нацијата и од него да ги исклучат луѓето со различни ставови и вредности, стигматизирајќи ги како „предавници“, „неуки“, „примитивци“ итн. Говорот на омраза и дискриминаторските наративи се користат за ширење стигма против овие поединци или групи како „отфрлени од нивната заедница“; Анализираните наративи од овој тип се користат за стекнување политичка моќ преку монополизирање на основните општествени концепти, како што се патриотизмот, лојалноста, чесноста, лидерството и се наметнува правото да се дефинира кои социјални групи кои треба да ја водат нацијата, а кои треба да бидат понижени и протерани од политичкиот и јавниот живот, па дури и од земјата во некои случаи.

## Наративи против сексуалните малцинства

Во јуни 2023 година, беа организирани различни јавни настани од страна на локалните граѓански организации како дел од месецот на гордоста на LGBTQ, вклучувајќи го маршот на гордоста во Скопје[16], неколку трибини, јавни дебати и други собири. Неколку стотици учесници се собраа во Скопје на 24 јуни на Парадата на гордоста[17].

На 29 јуни, пред православниот соборен храм во Скопје се одржа протест под мотото „Имаме должност да ги заштитиме децата“ против претходно најавените предлог-закон за матична евиденција и предлог-законот за родова еднаквост[18]. Настанот го организираа припадници на Македонската православна црква[19], а некои од клучните пораки од овој собир вклучуваа изјави дека „доколку се усвојат овие закони, целото општество и неговите вредности ќе се редефинираат негативно“, и „Ќе се отвори Пандорината кутија од која секојдневно ќе излегуваат различни родови“[20].

13. Извор https://www.facebook.com/ivor.mickovski/posts/pfbid02uzk5oaavUmXERwdzYJEDzbXdxCr4jctLRrr25bBp6Ea4me7oARsug7dMxCYos8Pbl
14. Директен цитат: „Министрите шиптари повеќе ни на к.. не го ставаат Димитар Ковачевски, гласен поддржувач и поборник на иницијативата Отворен Балкан“, https://twitter.com/Effo_Antivirus/status/1710137261768015966
15. Извор https://racin.mk/kolumni/obedineta-makedonija-od-mevot-na-miczko/
16. Извор https://skopjepride.mk/programa/
17. Извор https://sdk.mk/index.php/makedonija/tretata-parada-na-gordosta-vecherva-vo-skopje/
18. Предлог-законите дојдоа пред собраниска комисија во 2022 година, но беа повлечени за дополнителни ревизии, според информациите во Министерството за труд и социјална политика.
19. Поглаварот на МПЦ ОА беше меѓу говорниците во кои имаше повеќе црковни претставници, академици и јавни личности.
20. Извор https://www.slobodnaevropa.mk/a/crkvata-protestira-vlasta-veli-samo-se-debatira-shto-e-sporno-vo-zakonite-za-rod-/32478030.html

Протестот и настаните што се случуваа за време на месецот на гордоста предизвикаа многу дебати со крајно спротивставени ставови и чести манифестации на нетолеранција и говор на омраза. Помеѓу многуте примери, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) утврди дека владиката Јаков Стобиски[21] од МПЦ извршил дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет во јавното информирање и медиумите („Преку своите јавни настапи, меѓу кои гостувањето на емисијата Детектор на Сител телевизија и јавната трибина во Струмица, Јаков Стобиски изразил мислења, ставови и идеи кои се понижувачки, навредливи и деградирачки кон трансродовите лица и кои ја охрабруваат дискриминацијата и омразата кон ЛГБТИ луѓето“[22].

Иако се забележани релативно мал број пријавени случаи на ваков тип на наративи со омраза и нетолеранција, односно 6% од случаите, како што беше споменато претходно, тие често може да се комбинираат со други видови и имаат индиректно значајно влијание врз општеството. На пример, наративите против сексуалните малцинства честопати се комбинираа и се преклопуваа со идеолошките наративи против либералните вредности и создаваа различни форми на антизападни и антиевропски микро и макро наративи.

„Сега кој ќе не заштити од ова „прогресивно“ уништување на човештвото, од овие вредности на ЕУ“[23]!?

Содржините со омраза и пораките против сексуалните малцинства се засноваат на неколку распространети наративи, како што се „хомосексуализмот е болест“, „LGBTQ го уништува семејството и неговите вредности“, „хомосексуалноста и трансродизмот го уништуваат природниот развој на децата“ и неколку други со слична конотација. Главната цел на овие наративи е да се изолираат членовите на LGBTQ заедницата и да се изврши притисок врз нив и нивните поддржувачи, често со идеолошка или политичка мотивација како позадина.

21. Извор https://www.youtube.com/watch?v=ixSz4d3GQOo&t=4s
22. Извор https://www.radiomof.mk/kszd-utvrdi-deka-episkopot-jakov-stobiski-izvrshil-diskriminacija-vrz-osnova-na-seksualna-orientacija-i-rodov-identitet/
23. Извор https://www.facebook.com/vmrodpmnemavrovorostuse



## Анализа на чувства (сентименти)

Имајќи ги предвид податоците од анализата на чувствата (сентиментите), односно нивото на проценетата афективна реакција предизвикана од настанот, повеќето од случаите беа оценети како Ниво 2 (Негативни ненасилни дејства) и Ниво 3 (Нагласување на негативен карактер), и двете со 35 %. Просечната оценка за регистрираните случаи е 2,64. Дополнително, Ниво 4 (Демонизирање и дехуманизирање) е регистрирано во 15 % од случаите, додека најтешките случаи, оценети со Ниво 6 (реторика што подразбира буквално убивање, смрт или елиминација на група) се присутни во 3 %, и нема случаи кои се однесуваат на Ниво 5 (Реторика која подразбира нанесување физичка повреда). Најсериозниот случај, оценет како Ниво 6, беше поврзан со содржина со омраза и дискриминација против исчезнатото лице кое подоцна беше пронајдено мртво во декември 2023 година. Оваа порака беше објавена во локалните медиуми со користење на социјалната мрежа Фејсбук како извор и има потенцијално влијание на етничка и верска основа[24].

Случаите од Ниво 4 на скалата за анализа на чувствата (сентиментите), Демонизирање и дехуманизирање, беа на родова основа (сексизам, сексуално вознемирување или мизогинија), со 40%, меѓуетнички 20%, лица со попреченост (20%) и 20 % беа против сексуалните малцинства, односно хомофобијата.




**Графикон 3. Ниво на чувство предизвикано од регистрираната содржина се омраза и дискриминација**

## Анализа на видливост

Вообичаените канали за ширење на регистрираната содржина со омраза или дискриминација беа платформите на социјалните медиуми, онлајн информативните медиуми и коментари од читателите напишани под објавите. Во многу случаи, актерите зад овие напади се идентификувани корисници на платформите на социјалните медиуми, но исто така имаше и случаи на анонимни корисници кои објавуваат содржина со омраза на интернет. Бројот на овие случаи се зголемува за време на значајни општествено-политички настани или тензии во земјата, како што се избори, големи инциденти, изјави на политичари или онлајн инфлуенсери, масовни протести и други важни политички настани. Содржината со омраза и дискриминација претежно беше објавувана и споделувана на интернет, главно преку платформите на социјалните медиуми, вкупно 81,2 %, потоа информативните веб-страници, 14,5 % и 4,3 % биле на телевизија. Најчести социјални мрежи за регистрираните случаи во ова истражување се Фејсбук и Х (поранешен Твитер), а во некои случаи се користел и YouTube.

За Северна Македонија и нејзината публика, досегот од неколку илјади корисници, без разлика дали е на Facebook, X или YouTube, се смета за интензивно циркулирана и влијателна содржина, која обично го привлекува вниманието на разни онлајн и електронски медиуми, кои потоа повторно објавуваат или известуваат ваков тип на содржина. На пример, објавата на „X“ со омраза на етничка основа[25] на поранешниот новинар и онлајн инфлуенсер Миленко Неделковски има 7,4 илјади прегледи, со голем број коментари, лајкови и споделувања кои го зголемија ширењето на пораката заедно со профилите и онлајн медиумите. Друга порака со омраза, исто така на меѓуетничка основа, достигна над 14.000 прегледи на социјалната платформа „X“[26].

24. Извор https://is.gd/ulyEok
25. Се однесува на https://twitter.com/nedelkovskim/status/1623339449919627265
26. Се однесува на https://twitter.com/cherga_omnes/status/1717683024194572470

# Компаративни анализи

Поголемиот дел од испитуваните наративи со омраза имаат едноставна структура и вклучуваат создавање бинарна поларизираност (ние против нив), обично засновани на идеолошка, политичка, етничка, религиозна, расна или некоја друга опозиција, каде што се нагласени разликите меѓу групите. Сите концептуализирани спротивности функционираат на принципот да се биде „Другиот“ (етничка припадност, нација, раса, религија, идеолошка група, сексуална ориентација итн.) што се користи за формирање на идентитетот на групата преку правење контраст со неа во негативна конотација. На пример, идентификуваниот наратив за „предавници кои соработуваат со Западот“ се користи за создавање групен идентитет на „патриоти кои ги бранат својот народ и земја“, или дискриминаторските наративи за „примитивните конзервативци“ се експлоатираат за да се дефинира групниот идентитет на „прогресивни либерали“ итн. Судирот со дефинираното „Друго“ служи за зајакнување на групниот идентитет и лојалноста кон колективот.

Овие наративни полови потоа се надополнуваат со некои варијанти и поднаративи кои се користат за рационализирање и оправдување на насилството, нетолеранцијата, подреденоста или исклучувањето на другите групи од општеството. Во практичната манифестација на наративите, некои од најчестите јазични техники кои се користат во комуникацијата вклучуваат: стереотипизирање, стигматизација, вербална злоупотреба, сигнализирање непријателство, злонамерна дезинформација, закани, дехуманизирање, погрдни зборови, навреди и други. Најчестите пораки и наративи од регистрираната содржина вклучуваат националистички идеи и напади, ксенофобија, дискурси на омраза против одредени етнички групи, расизам, сексизам и напади врз членовите на LGBTQ групите. Исто така, најголем дел од случаите се регистрирани на родова, етничка, политичка, расна основа и по основа на сексуална ориентација.

Идентификуваните и анализирани наративи се користат за создавање конфликти и поларизација во општеството и преку нив се обидуваат да ги совладаат другите групи (политички, идеолошки, етнички, расни итн. ) во нивните напори да постигнат надмоќ и легитимност како се формираат основните општествени концепти како патриотизам, лојалност, морална супериорност, политички легитимитет, кои се чувари на традицијата итн.

Исто така, еден од клучните аспекти на наративите со омраза е да се дефинира кој ја претставува вистинската закана и е непријател на дадената група (нација, етничка група, расна група, верска заедница итн.). Создавањето непријатели е клучен чекор за формирање на идентитетот, за мобилизирање на поединците за нивните постапки, за давање цел на сите активности и оправдување на употребата на вербално и физичко насилство како одговор на претставениот страв и закана.



# Превентивни и ex-post дејства за борба против наративите со омраза и дезинформации во земјата

Неодамнешните истражувања и анализи потврдуваат дека справувањето со говорот на омраза е сложен процес кој бара координирана работа на повеќе институционални и граѓански нивоа, а воедно и активно вклучување на многу страни. Поврзувањето на различните чинители за да се спречи говорот на омраза е од големо значење бидејќи покажува социјална кохезија чијашто цел е да се спречи оваа негативна појава и треба да има демотивирачки ефект врз групите кои користат говор на омраза и наративи на омраза за да стекнат политичко или економско влијание и да ги мобилизираат граѓаните преку омраза и нетолеранција. Дополнително, општествената поврзаност помеѓу факторите и засегнатите страни во врска со говорот на омраза и нетолеранцијата дава насоки и мотивација за вршење легитимен притисок врз општествените чинители кои се задолжени да го спречат и санкционираат говорот на омраза и да не ги игнорираат проблемите во оваа област. Подобрувањето на правните инструменти во борбата против говорот на омраза е многу важен процес во системското справување со овој проблем и тој треба постојано да биде отворен за надградба. Сепак, успешната имплементација и примена на системските законски решенија е тесно поврзана со активностите и успешноста во работата на клучните субјекти. Нивната соработка во голема мера ја олеснува успешната примена на законите и ја зголемува ефикасноста во справувањето со оваа појава.

Како пример за успешно поврзување на клучните чинители може да се спомене „Мрежата за медиумска писменост“[27], иницирана од главниот медиумски регулатор во Северна Македонија[28], во која членуваат повеќе организации, како што се: Македонскиот институт за медиуми, Советот за етика во медиумите во Македонија., Младинскиот образовен форум и други. Во фокусот на проектните активности на оваа Мрежа се медиумската писменост и говорот на омраза. Моделот на социјална поврзаност во овој случај се покажува како особено корисен и успешен.

Со оглед на тоа што злоупотребата на говорот на омраза за политички цели сè уште опстојува во Северна Македонија, препорачливо е да се зајакне активното вклучување на политичките партии и младинските организации, за подобро решавање и спречување на овие прашања. Со нивната вклученост и посветеност, би било полесно да се изврши јавен притисок во потврдени случаи каде говорот на омраза се користи за политички цели. Некои од потенцијалните решенија можат поконкретно да се вградат во постоечкиот Кодекс за фер избори или во форма на обврзувачки декларации од страна на политичките партии. Соработката со младинските организации на политичките партии и други образовни програми и обуки може да има позитивно влијание врз подобрувањето на состојбата.

Претходно предложените насоки и препораки се само дел од долгата низа на можности што социјалното поврзување и вклучувањето на голем број активни чинители може да ги отвори. Комплексноста на одредени општествени проблеми, како што е говорот на омраза, бара не само континуирано подигање на свеста во општеството за тој проблем, туку и подигање на свеста за одговорноста, особено на одредени субјекти и институции. Тие треба не само формално да ги поддржат активностите против говорот на омраза, туку и да земат активно учество во активностите на ова поле и да придонесат за успешна борба против говорот на омраза и нетолеранција.

27. Извор https://mediumskapismenost.mk/clen-na-mrezata/
28. https://avmu.mk/en/home-en/



# Заклучоци

**Анализата на говорот на омраза во Северна Македонија ја потврдува неговата сложена природа, различните аспекти на политичка злоупотреба на општествените разлики и штетното користење на дигиталните платформи и разновидните медиумски канали во општество во кое нема задоволителна медиумска писменост и отпорност кон дезинформации и кампањи со омраза. Решавањето на ова прашање бара сеопфатен, колаборативен пристап кој вклучува повеќе институции и сектори, вклучувајќи го и граѓанското општество како клучен чинител. Овој пристап треба да се фокусира на идентификација, санкционирање и сузбивање на говорот на омраза, за да се спречи појавата и ширењето на културата на омраза и широката употреба на дискриминаторски наративи со цел да се добие политички легитимитет.**

**Доминантниот модел ги користи медиумите и социјалните мрежи како инструменти за политичка и идеолошка конфронтација преку дестабилизирање не само на толеранцијата и социјалната кохезија, туку и на институциите и на општеството во целина. Во поширок општествен контекст, медиумите често го занемаруваат јавниот интерес, заземајќи ја страната на одредени групи на интерес со цел да добијат моќ и влијание во општеството, а новинарите се обесхрабрени да се спротивстават на овие доминантни тенденции. Говорот на омраза и нетолеранцијата се појавуваат како значајни алатки за општествено-политичка мобилизација и формирање групни идентитети. Покрај говорот на омраза, често се испреплетуваат дискриминацијата и повиците за насилство, што претставува директна закана за оние кои се цел на таква медиумска содржина.**

**Постојаната неказнивост за овие прекршувања води до нивно повторување, широко распространување и искористување како „нормализиран метод“ во политичките битки против поединци и групи со различни ставови, верувања и мислења. Неефикасното спроведување на законот и прекршувањата што ги прават новинари при вршење на својата работа придонесуваат за ширење на културата на нетолеранција, поларизација и конфликт, загрозувајќи ја социјалната стабилност. Наративите на омраза, до одреден степен, се нормализираат или стануваат конвенционални како „легитимна алатка“ во политичките ривалства.**

**Ефективното решавање на сложени социјални прашања како што е говорот на омраза бара континуирани напори за подигање на свеста во општеството. Решавањето на говорот на омраза бара повеќестран пристап кој вклучува правни мерки, образование, медиумска одговорност и политичка волја на главните актери. Клучните актери не само што треба формално да ги поддржат иницијативите против говорот на омраза, туку треба да учествуваат и во активности насочени кон спречување на создавањето и ширењето на дискурси на омраза. Несомнено е дека образовниот сектор има клучна улога во спротивставувањето на трендот на толеранција на говорот на омраза во јавната комуникација во Северна Македонија. Подобрувањето на правните инструменти за борба против говорот на омраза е од клучно значење и тоа е процес кој постојано се развива. Успешното спроведување на законските мерки против говорот на омраза и нетолеранцијата зависат од соработката на клучните институции и засегнатите страни, вклучувајќи ги судските тела, медиумската заедница, граѓанските организации, политичките партии, давателите на телекомуникациски услуги и образовниот сектор. Нивната соработка во голема мера ќе го олесни спроведувањето на законите и регулативите, со што значително ќе се подобри ефикасноста во справувањето со случаите на омраза и дискриминација.**

Reporting
Diversity
Network

ИЗВЕШТАЈ ОД МОНИТОРИНГОТ НА МЕДИУМИТЕ
ЗА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Funded by
the European Union

B | T | D The Balkan Trust
for Democracy
A PROJECT OF THE GERMAN MARSHALL FUND

Norway